Уп. Бр.08-119/2022

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на АЛФИ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о, со седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија преку Адвокатско друштво Кнезовиќ и соработници од Скопје, на седницата одржана на ден 14.10.2022 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на самостојна контрола од страна на АЛФИ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о, со седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија над Меркур непремичнине д.д., со седиште на адреса Цеста на окрогло 7, 4202 Накло, Словенија, по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата  за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 09.09.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од АЛФИ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о, со седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија (во понатамошниот текст Алфи), со која АЛФИ ќе стекне контрола над Меркур непремичнине д.д., со седиште на адреса Цеста на окрогло 7, 4202 Накло, Словенија (во понатамошниот текст: Меркур), по пат на купопродажба на мнозински дел од уделите во друштвото.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Алфи** е управител на алтернативни инвестициски фондови регистриран во Словенечката агенција за пазари на хартии од вредност. АЛФИ ги анализира (потенцијалните) инвестиции и управува со инвестициските фондови, додека самото управување со инвестиции е делумно делегирано на други компании. АЛФИ д.о.о. управува со алтернативниот инвестициски фонд АЛФИ II, Специјален инвестициски фонд (во понатамошниот текст: „Фонд“).

Фондот е алтернативен инвестициски фонд кој ја врши дејноста на вложување средства собрани од различни инвеститори во согласност со својата инвестициска политика, со примарен фокус на инвестирање во Словенија и Хрватска. Конкретно, Фондот (со попуст) ги откупува обезбедените и необезбедените побарувања (на пример: побарувања што претставуваат слаби заеми), а потоа ги реструктуира и наплатува на доспевање или организира реализација на осигурувањето или ги претвора побарувањата во капитал на должникот.

АЛФИ и Фондот, како и сите нивни филијали, претставуваат едно претпријатие во смисла на член 5 и член 16, став 2 од Законот за заштита на конкуренција, вклучувајќи го и нивното контролирано портфолио на компании во понатамошниот текст како „Алфи Група“.

Алфи Групата има регистрирано присуство во Република Северна Македонија преку следните друштва:

- ПРО КОЛЕКТ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса ул. Христо Татарчев 121-Г, Кисела Вода, Скопје, друштво со регистрирана дејност 82.91 – дејности на агенциите за собирање и наплата на сметки и кредитни канцеларии и
- АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса Булевар Киро Глигоров бр. 13, Гази Баба, Скопје, со приоритетна дејност 46.49 – трговија на големо со друга стока за домаќинства. Имено, АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје во најголем дел се занимава со продажба на играчки, опрема и текстил и е присутно на пазарот и преку својата интернет продавница. Исто така, врши и придружна (non-core) дејност на набавка и монтажа на алармни системи за мобилни оператори која опфаќа мал дел од процентот на продажба.

**Меркур** е договорен управител на сите 23 малопродажни и сите логистички капацитети на Меркур трговина а.д. а управува и со други капацитети во Словенија. Главните активности на Меркур се изнајмување и управување со сопствен/изнајмен недвижен имот, и тоа: продажба на сопствен деловен простор, закуп на сопствен слободен деловен простор и управување со објекти.

Меркур нема регистрирано присуство во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.
Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**